

# Право на приватност и право на заштита на лични податоци

Проф. д-р Олга Кошевалиска

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

# Содржина на презентацијата


- Запознавање
- Што е право на приватност?
- Право на заштита на ЛП
- Правна рамка ЕУ
- Законска рамка РСМ
- Размена на податоци и право на приватност
- Видови на следење на податоци
- НВО и Медиа – контролори на следење на податоци
- Вежба







# Право на приватност

***Право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8 на ЕКЧП)***

**Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.**

**Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество**

# Лични Податоци



## **Почитување на правото на заштита на лични податоци**

Европската Повелба за човекови права ја воведе заштитата на лични податоци како автономно право, различно од правото на приватен живот

чл.8

Секој има право на заштита на личните податоци кои се однесуваат на него/неа. Ваквите податоци можат да бидат процесуирани праведно само за точно определени цели и со претходна согласност на лицето, или кога за ова постои правен основ. Секој има право на пристап до податоците кои се однесуваат на него / неа




# Заштита на лични податоци

**личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно со било каков податок поврзан со него






# Главни начела на заштита на личните податоци

начелата на **легитимитет, неопходност и пропорциналност, начелото на безбедност, точност, начелото на информираност и начелото на достапност**



# Меѓународна правна рамка

## Конвенцијата 108 +




## Прв правно обврзувачки меѓународен инструмент за заштита на ЛП (1981)

◦ Конвенцијата 108:

- Во отсуство на соодветна правна заштита, забранува обработка на „чувствителните“ податоци – на пример: раса, политика, здравје, религија, сексуален живот или криминално досие;
- ги заштитува правата на поединецот што е во согласност со законот за заштита на личните податоци на ЕУ, вклучувајќи го и правото да се знае дека информациите се зачувани и правото да бидат поправени;
- дозволува ограничувања на правата утврдени со Конвенцијата единствено кога се во прашање повисоки цели, како државна безбедност или одбрана;
- предвидува слободен проток на лични податоци помеѓу договорните страни, но дозволува ограничувања на протокот во државите каде законското регулирање не обезбедува соодветна заштита.

# Меѓународна правна рамка

**Конвенцијата 108 +** **Држави кои ја имаат ратификувано**






## Конвенцијата 108+

Конвенцијата 108+ содржи одредени **основни клучни начела** за заштита на податоците, кои секој земја потписничка на Конвенцијата мора да ги имплементира и примени во своето домашно законодавство. Според овие начела, обработката на податоците мора да биде пропорционална во однос на легитимната цел којашто се сака да се постигне, потоа личните податоци мора да **'се собираат и обработуваат правично, законито и транспарентно',** податоците мора да **'се чуваат за конкретни и легитимни цели** и не смеат да бидат користени на начин кој не е компатибилен со тие цели'; податоците исто така мора да се 'зачувуваат во форма **која овозможува идентификација на субјектите на податоците за период не подолг** од оној којшто е потребен за целите за кои таквите податоци се чуваат'. Податоците треба да бидат **'соодветни, релевантни и не треба да бидат прекумерни во однос на целите за кои истите се чуваат'** и податоците треба да бидат **'точни и кога е неопходно истите треба да се ажурираат.'**

# Општа регулатива за заштита на податоците – ОРЗП - GDPR)






# Општа регулатива за заштита на податоците – ОРЗП - (GDPR)

## PERSONAL DATA

WHAT IS AND WHAT IS NOT CONSIDERED PERSONAL DATA
+ SPECIAL CATEGORY

### PERSONAL DATA

- name
- email address (name.surname@domain.com)
- phone number
- Internet Protocol (IP) address
- home address

### SPECIAL CATEGORIES

- criminal records
- personal data related to racial or ethnic origin
- medical records
- religious or philosophical beliefs
- trade-union membership
- blood type
- political stands...

### NOT PERSONAL DATA

- a company registration number;
- an email address as info@company.com
- anonymiZed data
- information about legal entities
- data related to a deceased individual



## Национална рамка



## Релевантни закони

- Новиот Закон за заштита на личните податоци е донесен заради усогласување со **Општа регулатива за заштита на податоците – ОРЗП - (EU GDPR)**
- **Закон за кривична постапка**
- **Закон за следење на комуникациите, Закон за електронските комуникации**
- **Закон за МВР, Закон за полиција**
- **Закон за меѓународна соработка во кривичните предмети**
- **Закон за Агенција за национална безбедност**
- **Закон за Агенцијата за разузнавање**
- **Закон за национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци**
- **ЗОУП....**

# A Definition

### Идентификувано лице

Идентификацијата претпоставува елементи што го опишуваат лицето на начин што го разликува од сите други лица и препознатливо како поединец.

**Пример**

**Добар пример а лични податоци се персонализираните броеви што им се задаваат на сите лица во многу земји. Друг пример може да е името на лицето, иако често пати имињата не се единствени и затоа идентификацијата може да бара дополнителни идентификатори како датум и место на раѓање. Во некои случаи, други идентификатори може да имаат сличен ефект како и името. На пример, за јавни личности доволно е да се упати на функцијата на лицето, на пример „Претседателот на Европската комисија“.**

### Лице што може да се идентификува

Се смета дека едно лице може да биде идентификувано ако информацијата содржи елементи за идентификување преку кои лицето може да се идентификува (директно или индиректно). Ако содржината на информацијата (без име поврзано со неа) овозможува да се открие идентитетот на лицето со дополнително истражување, тоа сепак може да биде личен податок и да подлежи на правото за заштита на податоци.

### Анонимизација и псевдонимизација на податоци

**Псевдонимизација**

Анонимизирани податоци не се исто што и псевдонимизирани податоци.

Личните информации содржат елементи како име, датум на раѓање, пол, адреса или други елементи што може да доведат до идентификување. Постапката за псевдонимизирање лични податоци значи дека тие елементи се заменуваат со псевдоним.

Правото на ЕУ ја дефинира „псевдонимизацијата“ како „обработување лични податоци на начин што личните податоци не може да се припишат на конкретен субјект на податоци без дополнителни информации, под услов тие дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки за да се обезбеди личните податоци да не се припишат на идентификувано или физичко лице кое може да се идентификува.“

За разлика од анонимизираните податоци, псевдонимизираните податоци се сè уште лични податоци и треба да се сметаат за информации за физичко лице што може да се идентификува и затоа подлежат на законодавството за заштита на податоци. Иако псевдонимизацијата може да ги намали безбедносните ризици за субјектите на податоци, таа не е исклучена од опсегот на ОРЗП.

# 2. Обработка на лични податоци

**Концептот за обработка на лични податоци е сеопфатен и во правото на ЕУ и во правото на СЕ.**

Според ОРЗП, обработка значи „секоја операција или збир на операции кои се извршуваат на лични податоци, на автоматски или друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување.“ **(в. Член 4)**. Конвенцијата 108+ го додава и архивирањето податоци во дефиницијата (в. Член 2 (б)). Поимот „обработка“ вклучува и активности кога податоците минуваат од одговорност на еден контролор на друг контролор. Разгледај ги информациите подолу и кликни “следно“ да продолжиш.



# Чувствителни податоци

Во рамите на Конвекцијата 108+ (Член 6) и ОРЗП (Член 9), следните категории се сметаат за чувствителни податоци:

- лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло; (треба да се забележи дека употребата
- на поимот „расно потекло“ во оваа Регулатива не претставува прифаќање од страна на Унијата на теории кои се обидуваат да го утврдат постоењето на засебна човечка раса)
- лични податоци кои откриваат политички ставови, верски или други убедувања, вклучително и филозофски убедувања;
- лични податоци кои откриваат членство во синдикални организации;
- генетски податоци и биометриски податоци кои се обработуваат со цел да се идентификува некое лице;
- лични податоци за здравствената состојба, сексуалниот живот или сексуалната ориентација.





# Размената на податоци и правото на заштита на ЛП



# Закон за кривична постапка




Во рамките на кривичната постапка судот, обвинителството и другите органи со посебни овластувања, собираат, обработуваат и чуваат лични податоци за потребите на кривичната постапка, водејќи сметка природата и обемот на податоците да се соодветни на потребите во конкретниот случај. Последново е согласно меѓународните принципи на пропорционалност, релевантност и неопходност при обработката на личните податоци.

# Посебните истражни мерки и правото на приватност и заштита на лични податоци




Во рамките на кривичната постапка судот, обвинителството и другите органи со посебни овластувања, собираат, обработуваат и чуваат лични податоци за потребите на кривичната постапка, водејќи сметка природата и обемот на податоците да се соодветни на потребите во конкретниот случај. Последново е согласно меѓународните принципи на пропорционалност, релевантност и неопходност при обработката на личните податоци.

чл. 255 од ЗКП е определено против кои лица можат да се определат посебни истражни мерки. (освен лицето кое сторило кривично дело од членот 253 на овој закон или лицето кое презема дејствие на извршување на кривично дело или подготвува извршување на кривично дело од членот 253 посебните мерки можат да бидат определени и кон лице кое прима или проследува пратки од осомничениот или осомничениот користи негово комуникациско средство)

# Посебните истражни мерки и правото на приватност и заштита на лични податоци




Во ЗКП посебните истражни мерки се предвидени во членот 252. ПИМ мерки кои го тангираат ПЗЛ и правото на приватност се:

1) следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;

2) следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации;

3) тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;

4) таен увид и пребарување во компјутерски систем;

5) автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;

6) увид во остварени телефонски и други електронски комуникации…..

# Закон за следење на комуникациите



ЗАКОН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1 Со овој закон се уредуваат:

- постапката за спроведување посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации,
- условите и постапката за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата, вклучувајќи ги и мета податоците,
- надзорот и контролата над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите и
- обврските за Оперативно - техничката агенција (ОТА)

1) „комуникација“ е давање или размена на информации меѓу луѓе со говор, звуци, светлина, пишуван текст, цртеж, слика, предмет или гестикулации, како и технички процес на испраќање, пренос и примање на каков било говор, податоци, звуци, сигнали, пишуван текст, статички и подвижни слики, кои служат за размена на информации меѓу луѓето, меѓу луѓето и предметите, меѓу предметите или за управување со каков било предмет со помош на телекомуникациски систем, како и интернет протокол, говор преку интернет протокол, интернет страница и електронска пошта;

# Закон за следење на комуникациите



Член 18 Мерки за следење на комуникациите заради заштита на **интересите на безбедноста и одбраната на државата се:**

1. следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации;
2. следење и снимање во внатрешноста на објекти, затворени простории и предмети и влез во тие објекти, затворени простории и предмети, заради создавање услови за спроведување на мерката;
3. следење и светлосно снимање на лица на отворен простор и на јавни места и
4. следење и тонско снимање на содржината на комуникациите на лица на отворен простор и на јавни места.

Судот може да нареди мерки за следење на комуникациите од членот 18 од овој закон кога постојат основи на сомневање дека се подготвува извршување на кривично дело против државата, против вооружените сили или против човечноста и меѓународното право. Судот може да нареди мерки за следење на комуникациите заради превентивно дејствување, кога се подготвува, поттикнува, организира или учествува во вооружен напад против Република Македонија или во онеспособување на нејзиниот безбедносен систем да ги врши своите функции, како и заради превентивно дејствување во однос на активностите за кривичните дела од КЗ: терористичка организација, тероризам и финансирање на тероризам

# Закон за следење на комуникациите




Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА се врши од страна на:

- Собранието на Република Македонија,
- Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации,
- Дирекцијата за заштита на лични податоци и
- Народен правобранител на Република Македонија.

Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над ОТА врши **Советот за граѓанска контрола**




Советот е составен од претседател и шест членови кои ги назначува Собранието на Република Македонија за период од три години, без право на повторен избор. (2) Собранието на Република Македонија распишува јавен оглас за назначување на претседател и шест членови од кои тројца се експерти и тројца се претставници од невладините организации (здруженија) од областа на заштитата на основните човекови права и слободи, безбедноста и одбраната.

## Граѓанскиот совет за надзор на прислушувањето, нефункционален

Алсат · May 17, 2022



# Закон за полиција




Согласно Законот за Полиција полицијата собира, обработува, анализира, проценува, оценува користи, пренесува, чува и брише податоци, обработува лични податоци под услови и на начин утврдени Законот за полиција и посебен закон и води евиденции за личните и други податоци за чие собирање е овластена со Законот за полиција, заради спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, како и пронаоѓање и фаќање на нивните сторители

# Закон за меѓународна соработка во кривичната материја

Еден од видовите на мала казнено правна помош е и размената на лични податоци

**Многу тела и агенции – многу закони – КОЈ НЕ ЧУВА ОД ЧУВАРИТЕ?**

| | |
|---|---|
| А) Лични податоци | сегашно и поранешно презиме, сегашно и поранешно име, средно име, име на таткото (кога тоа е неопходно за идентификација), име на мајката (кога тоа е неопходно за идентификација), пол, датум на раѓање, место на раѓање, националност, брачна состојба, лажен идентитет (алијас), прекар, лажно име, сегашно и претходно државјанство или домицил |
| Б) Физички опис | физички опис, вродени и стекнати обележја (белези, лузни, тетоважи итн.) |
| В) Идентификација | лична карта / возачка дозвола, пасош, ЕМБГ, визуелна идентификација / слики, форензичка идентификација – отпечатоци од прсти, ДНК, профил на глас, крвна група, дентални информации |
| Г) Работа и Занимање | моментално вработување и занимање, претходно вработување и занимање, образование (основно, средно, факултет, професија), квалификации, вештини и други познавања (јазици и сл.) |
| Д)Економски и финансиски информации | финансиски податоци (сметки во банка и кодови, кредитни картички и сл.), имот во готово, акции, обврзници и друг имот, податоци за сопственост, врски со компании, контакт со банки и др. финансиски институции, даночна состојба, останати информации врзани за менаџирањето на финансиите на засегнатата личност |
| Ѓ) Однесување | животен стил и рутини, движење, места кои често ги посетува, оружје и други опасни орудија, опасно поведение, специфични ризици како на пример можност за бегство, однесување спрема службени лица и сл, употреба на дрога |
| Е) Видови на комуникации  телефон (фиксен, мобилен), факс, email, интернет врски, социјални медиуми и сл.) | |
| Ж) Превоз (земјен, воден и воздушен транспорт) вклучувајќи ги и регистрациите на овие возила | |
| З) Информации врзани за кривичните активности за кои ЕВРОПОЛ има надлежност | претходна осудуваност, претпоставена инволвираност во кривични поведенија, modus operandi, средства кои што биле или можат да се употребат за извршување на кривични дела, членство во криминални здруженија, групи и позиција во таквата група/ организација, улога во кривичната организација, географски домет на кривичните активности, материјал собран во текот на кривична истрага, како што е на пример видео и фото записи, скици |
| Ѕ) Контакти со здруженија, вклучувајќи го и видот на здружението и природата | |
| И) Референци за други датабази во кои што може да се наоѓаат податоци за засегнатото лице: | ЕВРОПОЛ, полициски / царински органи, внатрешни организации, јавни органи, приватни органи |




# Видови на следење на податоци

Mass hacking
Comms Data Retention
Facial recognition tech
IMSI catchers




Mass hacking
Comms Data Retention
Facial recognition tech
IMSI catchers
Databases









# Улогата на НВО и медиумите



СОБРАНИЕ

## Годишен извештај на ОТА, во Македонија легално се прислушуваат 697 граѓани

Собраниската Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите денеска ќе одржи седница на чиј дневен ред, меѓудругото, е и Годишниот извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција (ОТА) за 2022 година.

Во текот на 2022 година, како што се наведува во извештајот за работењето на ОТА за 2022 година, за потребите на овластените органи во Македонија, ОТА технички посредуваше во 369 нови активирања на мерката следење на комуникациите и 328 продолжувања на истата мерка.

„Од наведениот број од 369 нови активирања на мерката следење на комуникациите со техничко посредство на ОТА во 2022, 278 активирања на мерката беа за потребите на МВР. Од 328 продолжувања на мерката, 149 беа за потребите на МВР“, стои во Годишниот извештај.

Единствено со правилно воспоставување на рамнотежа помеѓу националната безбедност (општествен интерес) и заштитата на лични податоци (индивидуален интерес) може да се обезбеди висок степен на национална безбедност на сметка на минимално ограничување на правото на заштита на лични податоци

Кривичното законодавство треба да содржи точно определени **легитимни** основи врз база на кои може да се ограничат правото на заштита на лични податоци и правото на приватност со цел да се осигури националната безбедност

Со цел да се осигури приватноста и заштитата на лични податоци, важно е правилно да се разбере идејата за урамнотежување на индивидуалните права наспроти националниот интерес

Секоја од државите треба да обезбедува заштитата на личните податоци на национално ниво а ЕУ да го обезбеди ова на супранационално ниво

Неопходна е правилна хармонизација на законодавствата на земјите членки

**Личните податоци не смеат да бидат користени за никаква друга цел, освен превенција, истрага, откривање и гонење на кривични дела**

Антитерористичките мерки ја жртвуваат приватноста и правото на заштита на лични податоци на малцинството за да ја обезбедат безбедноста на мнозинството



# Вежба

1.

Совет за граѓански надзор

## Предлог на одлука за распишување јавен оглас за назначување на претседател и членови на Советот за граѓански надзор

| | |
|---|---|
| Статус : **Затворен** | Тип : **Декларација, резолуција, одлука и препорака** |
| Предлагач : **Пратеник** | Собраниска постапка : **Редовна постапка** |
| Архивски број : **08-666/1** | Министерство : **/** |
| Датум на прием : **08.02.2023** | Овластен предлагач : **Марија Георгиевска** |
| Предлагачи : **Марија Георгиевска** | Статус во кој терминирал : **Донесен** |
| Датум на терминирање : **13.02.2023** | Забелешка : **СОБРАНИЕТО ЈА ДОНЕСЕ ОДЛУКАТА** |

# Вежба

[ГДУ: Прислушувањето на обвинителството е премногу сериозна работа за да се шпекулира, мора да има лоцирање на ...]



**А1 Оn - 02.12.2018**
„Ефикасна истрага и одговорност за скандалот со прислушувањето на обвинители мора да има. Кој ги поставил уредите, точно кога, со која цел, дали некој бил во те обвинителските истраги и дали јавните обвинители биле уценувани со прислушув

[Телефоните во Обвинителството се снимале и пред 2016-та?]

**Алсат-М - 01.12.2018**
Јавното обвинителство на Република Македонија тврди дека е можно разговорите фиксните телефонски линии во институцијата да се снимале и пред 30 септември та година. „Постојат индиции кои укажуваат дека снимањето траело од набавката

[Диневски за 1ТВ: Постои реална опасност јавни обвинители да биле уценувани со прислушуваните разговори (Видео)]

**1tv - 01.12.2018**
Иако е прерано да се даде конкретна оценка кој би можел да ги прислушува јавните обвинители и суд со која цел, сепак ако се земе во предвид временскиот тајминг дека централите за снимање на разгов во ЈО се вградувале во 2016 година, пред ...

[До каде стигнало „Големото уво“? Опрема за прислушување поставена и во Кривич суд]

**ТВ21 - 01.12.2018**
Пронајдени хард-дискови со прислушувани разговори на обвинителите во Основн јавно обвинителство. Но, пронајдена е и опрема за прислушување во Основниот с Скопје 1-Скопје, но таму се уште не е утврдено дали таквата опрема била злоупотребена.

[ЈОРМ: Има индиции дека прислушувањето во Обвинителството траело од 2013. Го]

**Сител - 01.12.2018**
Јавното обвинителство има индиции дека во зградата прислушувањето на фиксните телефони траело 2013 година кога е инсталирана опремата. Во денешното соопштение од ЈОРМ истакнуваат дека сериозно и внимателно ги проверуваат сите аспекти.

**Скандалот го откри државниот обвинител Љубомир Јовески. Обвинителството отвори предистрага. Прислушувани биле фиксните телефони во три обвинителства а разговорите биле снимани на два хард диска. Засега не се знае кој ги добивал разговорите на седумдесетината обвинители и дали тоа влијаело во истраги**

СКОПЈЕ –Наместо да прислушуваат гонејќи криминалци тие биле прислушувани. Државниот обвинител Љубомир Јовески, денеска на брифинг со новинарите соопшти дека на три обвинителства била следена комуникацијата на фиксните телефони две години наназад. Станува збор за Основното јавно обвинителство Скопје, Вишото јавно обвинителство Скопје и Јавното обвинителство на Република Македонија. Опремата за следење на комуникациите, два хард диска, биле поставени во телефонската централа на обвинителствата.Од обвинителството велат дека имаат докази дека комуникацијата е следена од септември 2016 година.




„Основното јавно обвинителство Скопје започна предистражна постапка по сознанија дека во периодот од септември 2016 година до денеска е снимана телефонската комуникација вршена преку фиксната телефонија во објектот на Јавното обвинителство. Снимањето се вршело на двата хард диска на телефонската централа сместена во просториите на Основното јавно обвинителство Скопје. Вишото

# Вежба

2. заштитата на лични податоци (во антитерористички контекст) по 11 септември 2001

Т.н. Црни листи

Passenger name Record и сл.

ЕКРИС; ЕУРОДАК,

*WALTERS, Jason Theodore James (a.k.a. Abdullah, a.k.a. David), роден 6.3.1985 во Amersfoort (Холандија), пасош - Холандски бр. NE8146378 – член на групата 'Hofstadgroep'.*

TYPES OF EU TERRORIST LISTS

| | IMPLEMENTED UN LIST | AUTONOMOUS EU LIST | EU MEMBER STATE LISTS |
|---|---|---|---|
| MAIN TARGET | **"Individuals and entities associated with al-Qaida or the Taliban"** | **"Persons, groups, and entities involved in terrorist acts"** | **"International terrorist organizations"** |
| LEGAL BASIS | **UN SC Resolution 1267 (1999), 1390 (2002):** UN Resolution on Al-Qaida and Taliban Sanctions | **UN SC Resolution 1373 (2001):** UN Terrorism Resolution | Examples: **domestic legislation of the UK, The Netherlands, Belgium, Spain etc.** |
| IMPLEMENTATION | Through: **Council Resolution 467/2001, Council Resolution 881/2002** | Through: **Council Regulation 2580/2001,** based on **Council Common Position 2001/931/CFSP** | |
| LATEST AMENDMENT | **Council Resolution 1001/2010 (November 5, 2010)** | **Council Decision 2009/1004/CSFP (December 22, 2009)** | |

# Вежба

3.

Едвард Сноуден



# Ви благодарам на вниманието

LinkedIn
Olga Koshevaliska

Twitter
@yourhandle

Email
olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

Phone
078 336 942